РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Бр.04-126/12
08/02/2024 година

Врз основа на член 52 од Законот за административни службеници („Сл. весник на РМ бр. 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и „Сл.весник на РСМ бр.275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), Секретарот на Општина Делчево, на ден 08.02.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за избор на кандидат по интерен оглас бр.01/2024**

1. За извршител на работното место **Раководител на Одделение за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности и сообраќај, во Одделение за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности и сообраќај , Сектор за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности , сообраќај и ЛЕР, шифра УПР0101Б04000,**, се избира кандидатот **Тони Вангеловски**.

2. Именуваниот ќе биде распореден на работното место од став 1 на оваа Одлука, по конечноста на Одлуката.

***О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е***

На ден 25.01.2024 година на интернет страниците на Општина Делчево и Агенцијата за администрација на РСМ, објавен е Интерен оглас бр.01/2024 за унапредување на административен службеник во Општина Делчево.

Со Решение бр. 04 – 126/8 од 02.22.2024 година, формирана е Комисија за селекција за унапредување на административен службеник по Интерен оглас бр.01/2024, која спроведе постапка за селекција на кандидат за унапредување на административен службеник.

По спроведената административна селекција на ден 06.02.2024 година, Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник изготви Записник од административна селекција за интерен оглас, бр. 04-126/9 . На ден 07.02.2024 година од страна на Секретарот на Општина Делчево, спроведено е Интервју со уредно пријавениот кандидат и изготвен е Записник со бр.04-126/10. Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник по интерен оглас бр.01/2024, изготви Финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат , бр.04-126/12 од 08.02.2024 година.

Врз основа на погоренаведеното , Секретарот на Општина Делчево изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против оваа Одлука може да се изјави Жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на објавувањето на Одлуката на интернет страницата на општина Делчево.

Изработил: С.Петровска

**ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Секретар**
**Билјана Прачкоска**